**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), член 17 став 5 и член 22 став 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19) и член 56 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/13), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување**
**на Одлуката за издавање дозволи**
**(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 50/19)**

1. Во Одлуката за издавање дозволи („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/13 и 24/18), зборовите „Република Македонија" се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија", освен во точките 41 и 43 од Одлуката за издавање дозволи.

2. Во точката 2 потточка 2.6.2 став 1, точката во алинејата 6 се заменува со точка и запирка и се додава нова алинеја 7, којашто гласи:

„- изјава дадена под целосна кривична и материјална одговорност, дали заедно со друго физичко лице директно или индиректно и/или преку договор, остварува контрола врз домашно или странско трговско друштво.".

Ставот 2 се менува и гласи:

„Народната банка, по службена должност, обезбедува потврда за (не)осудуваност на лицето коешто има намера да основа банка, во смисла на членот 13 став 3 од Законот за банките, од надлежен суд во Република Северна Македонија. Доколку физичкото лице кое има намера да основа банка има соработник во смисла на Законот за банките, Народната банка по службена должност обезбедува потврда за (не)осудуваност на соработникот од надлежниот суд. Доколку се работи за странски лица, ваквите потврди издадени од надлежните институции во странската земја треба да бидат доставени кон барањето за издавање на дозволата за основање и работење на банка.".

3. Во точката 7 став 1, алинејата 7 се менува и гласи:

„- оценка на квалификацијата, искуството, обуката и репутацијата на членовите на надзорниот и управниот одбор и оценка на репутацијата на лицата коишто имаат намера да основаат банка. Ќе се смета дека предложените членови на надзорниот и управниот одбор, како и лицата коишто имаат намера да основаат банка имаат соодветна репутација доколку се чесни, компетентни, работливи и даваат сигурност дека со своето работење нема да ја загрозат стабилноста и сигурноста на банката и нема да го нарушат нејзиниот углед и доверба. Тоа подразбира дека за овие лица нема доказ за нивна претходна вклученост во работење или активности коишто значеле непочитување на прописите и деловните практики и процедури, непочитување на правилата за добро корпоративно управување, нарушување или загрозување на интересите на правното лице каде што работеле или работат и на интересите на

неговите доверители, несоодветна соработка или одбивање да соработуваат со надлежните органи, вклучувајќи ги и супервизорските органи, одбивање, одземање или повлекување согласност за акционер или за вршење одредена функција од страна на надлежен орган, вклучувајќи и супервизорски орган. Соодветната репутација подразбира и доказ за неосудуваност на овие лица во смисла на членот 13 став 3 и членот 83 став 3 од Законот за банките, вклучувајќи и неосудуваност на соработникот на физичкото лице коешто има намера да основа банка или коешто е предложено за член на управниот одбор;".

4. Во образецот 2, точката 12 се менува и гласи:
„12. Дали лицето коешто остварува контрола во правното лице било осудено со правосилна судска пресуда (доколку е физичко лице) на безусловна казна затвор над шест месеци? Ако била изречена ваква пресуда, наведете ги сите детали.".

5. Во образецот 3, точката 5 се менува и гласи:

„5. Дали сте биле осуден/а со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци? Ако била изречена ваква пресуда, наведете ги сите детали.".

По точката 5, се додава нова точка 5.1., којашто гласи:

„5.1. Доколку имате соработник во смисла на Законот за банките, дали лицето било осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци? Ако била изречена ваква пресуда, наведете ги сите детали.".

6. Во образецот 4, точката 5 се менува и гласи:

„5. Дали сте биле осуден/а со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци? Ако била изречена ваква пресуда, наведете ги сите детали.".

7. На постапките започнати пред влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр.7/19), ќе се применуваат одредбите од Одлуката за издавање дозволи („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/13 и 24/18).

8. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О бр. 02-15/II-4/2019**
**28 февруари 2019 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**